## *Спил-проект за имплементација на социјална заштита*

Спил-проект за имплементација на социјална заштита треба да обезбеди подобрување на ефективноста и ефикасноста на системот на социјална заштита преку подобрена администрација и долгорочна стабилност на пензискиот систем и подобрено таргетирање и администрирање на готовинските социјални бенефиции.

СПИЛ проектот е проект на Светска банка и се реализира во рамките на кредитот во висина од 9,8 милиони долари. Распределба на овие средства се врши по години заклучно со 2008 година, а согласно планот за набавки и работните програми за секоја година.

СПИЛ проектот опфаќа реформи и во социјалната заштита и во пензиското-инвалидското осигурување, кои треба да се спроведат во периодот од 2004 до 2008 година. За реализација на реформите во рамките на овој проект се планира преземање на следните мерки:

1. *Реформи во социјалната заштита*

- Ќе се преиспитаат решенијата на одделните законски прописи во делот на социјалната заштита. Како резултат на тоа до крајот на првото полугодие од 2007 година ќе се дефинира законската и подзаконската регулатива од оваа сфера;
- Во текот на 2008 година ќе се обезбеди нова информатичка опрема за сите Центри за социјална работа (ЦСР). Ќе се изработат три софтверски апликации за подобрување на администрирањето на различните видови социјални бенефиции во рамките на ЦСР. Тоа значи дека во последниот квартал од истата година ќе се воспостави интегриран информационен систем во ЦСР и нивно поврзување со Министерството за труд и социјална политика;
- Во текот на 2008 година ќе се изврши усогласување на нововоспоставените софтверски апликации со новонастанатите промени во законската регулатива.

Со преземените активности во областа на социјалната заштита се очекува да се обезбеди секојдневен увид и контрола во работењето на ЦСР. Исто така, ќе се воспостави поправична распределба на социјалните бенефиции и ќе се обезбеди нивно насочување на ранливите групи од населението.

2. *Реформи во пензиско-инвалидското осигурување*

- Во текот на 2004 и 2005 година беа направени поголеми набавки на хардвер и софтвер за потребите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување (ФПИОМ) и Агенцијата за супервизија на

задолжителното капитално пензиско осигурување (МАПАС) во врска со новиот систем на месечно пријавување на индивидуалните пензиски придонеси за вработените и наплата на придонесите за државниот и приватните пензиски фондови;

- Во 2006 година е воспоставен единствен начин на прибирање на придонесот за ПИО за првиот и вториот столб;
- Ќе се преземат активности за подобрување на реформираниот пензиски систем, односно за непречено функционирање на првиот и вториот столб, пред сé, преку обезбедување на соодветна информатичка опрема и изработка на софтверски апликации;
- Во текот на 2008 година ќе се изврши финализирање на активностите за ефикасно функционирање на новиот систем, пред сé преку поврзувањето на институциите инволвирани во овие реформи, што ќе има за цел обезбедување на подобар и поефикасен начин на прибирање на придонесот на ПИОМ.

Со наведените активности во сферата на пензиското и инвалидското осигурување се очекува да се подобри наплатата на придонесот на ПИО, со што ќе се обезбеди непречена исплата на пензиите.

Во тек се активностите за воспоставувањето на правните и регулаторни рамки на доброволното финансирано пензиско осигурување (трет столб).

Во реформите на социјалната заштита и во реформите на пензиското -инвалидското осигурување содржани во овој проект се инволвирани повеќе институции, така што е потребно нивно целосно и навремено функционирање за да се постигне непречена и целокупна реализација на активностите во рамките на овој проект.